# 46. БОЛЕН ЛЕЖИ МЛАД СТОЈАН




Болен лежи млад Стојан,
болен лежи ќе умри.
Над глава му младата невеста
с машко дете на раце.
Солзи рони солзите и капат
по Стојаново лице.

А невеста му вели
- Стојане бре стопане,
нит ми ситна роса подросува
нит силни дождови
мојте солзи по лице ти капат
од селански не правдини.

Стојан се подразбуди,
и тивко и говори
невесто ле ти млада невесто
што ми грдиш лицето
Да ли ситна роса подросува
или ситни дождови.

Синоќа кај чешмата
селани се збираа
збор зборејa кога ти ќе умреш
дете да ми задават
мене грабнат далеку однесат
за пари ме продадат.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995